# ГОДИШЕН **ИЗВЕШТАЈ** 2020 - 2021

## УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ШТИП



# ПОРАКА ОД РЕКТОРОТ

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е образовно-научна установа од сегментот на високото образование во Република Северна Македонија, која во рамките на својата матична дејност, самостојно и/или во соработка со универзитети/партнери изведува основни академски студии од прв циклус, специјалистички, професионални и истражувачки студии од втор циклус, како и докторски студии од трет циклус, програми на доживотно учење и програми за стручно усовршување и оспособување.

Универзитетот, во соработка со други образовни и истражувачки организации и установи, спроведува основни и применети истражувања и истражувања кои се во функција на развојот на образовната дејност, врши огромен број на применети дејности (апликативни) во насока на трансфер на технологии, знаење и услуги кон поголем број на стопански субјекти како и субјекти од општествениот живот како во Република Северна Македонија така и надвор од неа.

**Универзитетот, како основа за своја трајна определба својот развој го раководи врз основа на следниве темелни принципи:**

- Универзитетот е автономна институција, во средиштето на општеството каде врз основа на своите научни истражувања и подучувања, ја формира, ја проценува, ја испитува и ја пренесува културата. За да ги задоволи потребите на опкружувањето околу себе, универзитетското научно истражување и наставната работа мораат да бидат морално и интелектуално независни од сите политички авторитети и економски моќници.
- Наставната работа и научното истражување на универзитетот мора да бидат нераздвојни ако се има предвид фактот дека наставата не треба да заостанува зад потребите кои се менуваат, потребите на општеството за напредок и научно знаење.
- Слободата на научното истражување и наставата е основен принцип на универзитетскиот живот.
- Универзитетот е чувар на европските хуманистички вредности и наследник на културните и образовните традиции на нашиот народ, негова постојана грижа е постигнување на универзално знаење.
- Правото на образование е основно човеково право при што високото образование има значајна улога во потрагата по знаење и негово унапредување и тоа претставува исклучително културно и научно богатство за поединецот и за општеството.
- Универзитетското образование треба да има темелна улога во промоцијата на мирот, взаемното разбирање и толеранцијата помеѓу народите.
- Разноликоста во универзитетското образование и образовните системи во Европа ја одразуваат нејзината култура, општествената, политичката, филозофската, верската и економската разноликост, како една исклучителна предност што треба да се почитува.
- Признавањето на образовните квалификации кои се стекнати во различни образовни системи се основите на традициите на европското образование и принципи.

# МИСИЈА

ОПШТЕСТВЕНАТА МИСИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ФОКУСИРАНА НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ И ЛИДЕРИ КОИ ЌЕ БИДАТ СПОСОБНИ ДА КРЕИРААТ ОДРЖЛИВА ОПШТЕСТВЕНА, ЕКОНОМСКА И ТЕХНОЛОШКА СТРАТЕГИЈА НА ДРЖАВАТА

ПРИТОА ЦЕНЕЈЌИ ГИ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ КОИ ЌЕ ЈА КВАЛИФИКУВААТ МЛАДАТА АКАДЕМСКА ГЕНЕРАЦИЈА ДА МОЖЕ ДА СЕ СООЧИ СО СВОИТЕ ГРАЃАНСКИ И ЕКОНОМСКИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ИДНИНАТА.

# ВИЗИЈА

НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е ДА СОЗДАДЕ ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ЌЕ БИДЕ ПРЕПОЗНАТЛИВА ПО НАЈВИСОКИТЕ ЧОВЕКОВИ ВРЕДНОСТИ: ЗНАЕЊЕ, УМЕЕЊЕ, ВИСТИНА И ЧЕСТ.

ДА СОЗДАДЕ ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ПРОИЗВЕДУВА ВИСОКО ПРОФЕСИОНАЛЕН И КВАЛИТЕТЕН КАДАР, ПОДГОТВЕН ДА ГО АПЛИЦИРА СВОЕТО ЗНАЕЊЕ ВО СИТЕ СФЕРИ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ, ПОДДРЖУВАЈЌИ ГО НА ТОЈ НАЧИН НАЦИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И РАЗВОЈОТ НА ДРЖАВАТА ВООПШТО

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ ТЕЛА

## УНИВЕРЗИТЕТСКИ СЕНАТ

Е ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ И СТРУЧЕН ОРГАН КОЈ ГО СОЧИНУВААТ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ, ПРИДРУЖНИТЕ ЧЛЕНКИ И ОД УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ПАРЛАМЕНТ.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СЕНАТОТ Е **ПРОФ. Д-Р ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА**

## РЕКТОРСКАТА УПРАВА

ЈА СОЧИНУВААТ РЕКТОРОТ, ПРОРЕКТОРИТЕ, ДЕКАНИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НАУНИВЕРЗИТЕТОТ И ЕДЕН ПРЕТСТАВНИК НА СТУДЕНТИТЕ ИЗБРАН ОД СТУДЕНТСКОТО СОБРАНИЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ.
СО РЕКТОРСКАТА УПРАВА РАКОВОДИ РЕКТОРОТ.

## УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

ГО СОЧИНУВААТ ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТУДЕНТИТЕ, КОИ ГИ ПРЕТСТАВУВААТ НИВНИТЕ ИНТЕРЕСИ, БАРАЊА И ПРЕДЛОЗИ.
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТУДЕНТСКИОТ ПАРЛАМЕНТ Е СТУДЕНТ **МИРКО НАЏАКОВ**

# РЕКТОР

Е РАКОВОДЕН ОРГАН НА УНИВЕРЗИТЕТОТ. РЕКТОРОТ ГО ПРЕТСТАВУВА И ГО ЗАСТАПУВА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЗЕМЈАВА И ВО СТРАНСТВО, ЈА ВОДИ МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ИНИЦИРА СОРАБОТКА СО ДРУГИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО ЗЕМЈАВА И ВО СТРАНСТВО.
РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ Е **ПРОФ. Д-Р БЛАЖО БОЕВ**

# КАБИНЕТ ЗА ПРОРЕКТОРИ

ГО СОЧИНУВААТ:
**ПРОФ. Д-Р МИШКО ЏИДРОВ**, ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА И СТУДЕНТИ,
**ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МИРАКОВСКИ**, ПРОРЕКТОР ЗА РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ.

# ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

ЈА ОРГАНИЗИРА, КООРДИНИРА И КОНТРОЛИРА ЦЕЛОКУПНАТА РАБОТА ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ И АДМИНИСТРАТИВНАТА СЛУЖБАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И Е ОДГОВОРЕН ЗА КВАЛИТЕТНО, НАВРЕМЕНО И СТРУЧНО ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ВО НИВ.
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР Е **М-Р РИСТО КОСТУРАНОВ**

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА УНИВЕРЗИТ
ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**



# ОРГАНОГРАМ

ЕТ „ГОЦЕ



# СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

За потребите на образованието и научно-истражувачката работа се ангажирани кадри кои имаат научен дигнитет, чиј што коефициент на компетитивност кореспондира со нивното знаење, способноста и спремноста да го прифатат ризикот и одговорноста за својот живот и за обновата на својата локална и глобална заедница, трансформирајќи ја во општество на знаење и општество на учење.









# ФИНАНСИИ

Структурата на буџетот е релативно стабилна и најголемиот извор на финансирање на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип е од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.
Вториот по големина извор на средства отпаѓа на уплатите од студентите, кои се намалени во последните години.




**Приходи 2019, 2020 и 2021, сметка на прв циклус на студии 788-18, периоди: 01.01 - 04.10.2019, 01.01 - 23.09.2020, 01.01 - 04.10.2021**




**Трошоци 2019, 2020 и 2021, сметка на прв циклус на студии 788-18, периоди: 01.01 - 04.10.2019, 01.01 - 23.09.2020, 01.01 - 04.10.2021**




**Приходи - Вкупни вредности за сите сметки од сопствен приход за 2019, 2020 и 2021, за периоди: 01.01 - 04.10.2019, 01.01 - 23.09.2020 и 01.01 - 04.10.2021**




**Трошоци - Вкупни вредности за сите сметки од сопствен приход за 2019, 2020 и 2021, за периоди: 01.01 - 04.10.2019, 01.01 - 23.09.2020 и 01.01 - 04.10.2021**



# СТУДИИ

Образованието на студентите се одвива со примена на современи стандарди во системот на оценувањето, организацијата на студиите, дидактичките методи и со наставни планови и програми кои се засновани на најдобрите искуства и традиции на европските универзитети како и со реформските принципи кои се иницирани со Болоњскиот процес на преструктурирање на европскиот систем на високо образование.

Студиските програми на Универзитетот се насочени кон стекнувања на знаења со кои студентите ќе се квалификуваат за работи кои се дел од високо технолошкото опкружувања за кое се бара разбирање на процеси и изградени способности за управување со системи кои поседуваат "мета" интелегеницијa, но исто така и иницијативност, претприемнички способности, способности за психолошка евалуација на соработниците, работа во работни групи и тимови, способност за донесување на одлуки во недостиг на време, способност за понатамошно доживотно образование, способност за одбирање на релевантните информации во околина од огромен број на информации и информациско загадување, способност за процесирање на истовремено повеќе работи и способност за креативна интеграција на знаењето со праксата.

На Универзитет „Гоце Делчев" - Штип во **2020** година студентите студираа на **91** студиска програма од прв циклус, **88** од втор циклус и на **13** студиски програми од трет циклус.

**91** ПРВ ЦИКЛУС

**88** ВТОР ЦИКЛУС

**13** ТРЕТ ЦИКЛУС

# ПРВ ЦИКЛУС




**Вкупен број на запишани студенти на прв циклус по години за 2013-2020 ***

*Вкупниот број се однесува на запишани студенти и префрлувања за соодветната година







**Број на запишани студенти на прв циклус по факултети од 2018/19 до 2020/21 и процентуален удел во вкупно запишани во 2020/21***

*Вкупниот број се однесува на запишани студенти и префрлувања за соодветната година

# ПРВ ЦИКЛУС




**Вкупен број на дипломирани студенти на прв циклус по години за 2013-2020**




**Број на активни и неактивни студенти на прв циклус за 2013-2021***

*Активни = вкупно запишани и останати активни. Неактивни = времено неактивни, во мирување и испишани. Период 1.8.20XX - 31.7.20XX+1.

**Информацијата за 2021/22 е од 09.10.2021. Извештајот е изработен во период за запишување на зимски семестар 2021/22. Точна информација за 2021/22г. ќе има по завршување на запишувањето.




**Состојба со запишани студенти, Уписи 2021/22***

*Пресек на информација за уписи 2021/22 на 01.10.2021 во тек на 3 уписен рок.

# ВТОР ЦИКЛУС




Број на запишани и завршени* студенти на втор циклус по години за 2013-2020

*информација за за период 1.07.2020 до 1.06.2021




Број на запишани студенти на втор циклус во 2020 по факултети

# ТРЕТ ЦИКЛУС




**Број на запишани студенти на трет циклус по години за 2013-2020**




**Запишани студенти на трет циклус по кампуси за 2013-2020 во проценти**

# ПРОЕКТИ

42

## ПОВЕЌЕ ОД 42 НОВИ ПРОЕКТИ, ПОДДРЖАНИ ОД НАЈРАЗЛИЧНИ ФОНДОВИ ЗАПОЧНАА ВО 2020 ГОДИНА.




Проекти од фондот за научно-истражувачка работа на Универзитетот




Приходи од апликативни проекти за период од 2013-2020 во денари

Период 01.01.20XX - 31.12.20XX

# ИСТРАЖУВАЊА

Унверзитетот создава атмосфера за истражување во која неговиот кадар може да се докажува преку истражувачки студии и проекти во доменот на науката, природните науки, технологијата, општествените науки, медицината и уметноста. Врвните достигнувања се споделуваат со други универзитети, научни и истражувачки институции и индустрискиот сектор, со што се придонесува во развојот на државата и зголемување на глобалните знаења.

**51**

ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА СО ФАКТОР НА ФЛИЈАНИЕ

**546**

НОВИ ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО ЖУРНАЛИ И СПИСАНИЈА

**161**

НОВИ ТРУДОВИ ДЕЛ ОД КОНФЕРЕНЦИИ И НАУЧНИ СОБИРИ

**26**

ИЗЛОЖБИ

Информациите се однесуваат за период 01.01.2020 - 31.12.2020 и се однесуваат на информации поставени во репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип



# ЕРАЗМУС+

**26** СТРАНСКИ СТУДЕНТИ ГО ИЗБРАА УГД ЗА СТУДИРАЊЕ ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА ВО 2020

**7** СТУДЕНТИ ОД ИТАЛИЈА И СРБИЈА ЈА СЛЕДЕА ПРОГРАМАТА ОНЛАЈН ОД СВОИТЕ ДРЖАВИ

### УНИВЕРЗИТЕТИ СО НАЈГОЛЕМА СОРАБОТКА СО УГД

1. UNIVERSITY OF SASSARI - ITALY
2. UNIVERSITY OF OVIEDO - SPAIN
3. UNIVERSITY OF PISA - ITALY

НАЈГОЛЕМ ИНТЕРЕС ИМА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ И ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

**28** СТУДЕНТИ НА УГД БЕА ДЕЛ ОД ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА ВО 2020

### ТОП 5 УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА НАШИТЕ СТУДЕНТИ

1. THE MEDICAL UNIVERSITY, SOFIA, BULGARIA
2. POZNAN UNIVERSITY OF MEDICAL SCIENCES, POZNAN,POLAND
3. OVIDIUS UNIVERSITY OF CONSTANȚA, CONSTANȚA, ROMANIA
4. UNIVERSITY OF VALENCIA - SPAIN
5. VILNIUS UNIVERSITY, VINLUS, LITHUANIA

НАЈГОЛЕМ ИНТЕРЕС ИМА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ И ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА

**12** СТУДЕНТИ НА УГД БЕА НА ПРАКСА ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА ВО 2020

**1** ВРАБОТЕН НА УГД ЗАМИНА НА ТРЕНИНГ ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПРОГРАМАТА

Информации за периодот од 01.09.2020 до 09.09.2021

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ СПОРТСКИ И КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

Повеќе од **70 студенти** беа вклучени во онлајн предизвиците **УГД ФИТ предизвик** организирани за поттикнување на физичката активност во услови на пандемија.

По **9-ти** пат беа организирани натпреварите во **Универзитетските спортски лиги** каде во **5 различни дисциплини** се натпреваруваа над **200** студенти.

Повеќе од **700 студенти** беа дел од онлајн спортските активности по Спорт и рекреација.







УСКЦ и Факултетот за Туризам и бизнис логистика организираа планинарска тура на **Кожув.** **42 вработени** се искачија на врвот **Чичи Каја** на 1.767 м.

Вработени од УГД учествуваа на **Авицена женската трка**.

УГД учествува во **3 проекти** од Програмата **Еразмус+ Спорт**.

Воспоставена е соработка со **планинарски друштва** и **Атлетска федерација на Северна Македонија**.

УСКЦ и УГД станаа дел од **Интернационалната мрежа за истражувачи во спортот и физичкото воспитание (INSHS)** и координатори на групата за Универзитетски спорт.






УСКЦ организираше **5 вебинари - Петок во пет**, под мотото **За активен и здрав УГД**.

**11 предавачи и поканети гости** беа дел од вебинарите.

**Повеќе од 300** студенти, вработени и надворешни учесници ги следеа вебинарите.

# РАНГИРАЊЕ

2

## ВТОРО РАНГИРАН НА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 3155 ВО СВЕТСКИ РАМКИ СПОРЕД ВЕБОМЕТРИКС

Критериуми: присутност на интернет (големина на web простор, зафатеност на веб од страна на институцијата и слично), влијание (надворешни мрежи и контакти, колку други институции ја поврзуваат институцијата во нивни линкови и контакти), отвореност (број на цитати од топ автори) и научност (број на научни трудови во топ 10% цитирани автори од 26 научни дисциплини)

ВЕБОМЕТРИКС ГИ РАНГИРА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И СПРЕД ТОА КОЛКУ СЕ ЦИТИРАНИ АВТОРИТЕ ОД УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ПРЕКУ GOOGLE SCHOLAR.

## УНИВЕРЗИТЕТОТ Е НА 2029 ПОЗИЦИЈА ВО СВЕТСКИ РАМКИ ОД 4238 РАНГИРАНИ УНИВЕРЗИТЕТИ.

Информации од https://www.webometrics.info на ден 27.08.2021

УНИРАНК ИСТО ТАКА ГИ РАНГИРА 15ТЕ УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО ДРЖАВАТА, И НА ОВА РАНГИРАЊЕ

## УНИВЕРЗИТЕТОТ Е НА 2 ПОЗИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

2

## ЛИСТА НА НАЈДОБРО РАНГИРАНИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СВЕТОТ ОД СТРАНА НА ЦИАО ТОНГ УНИВЕРЗИТЕТОТ ГО РАНГИРА УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ВТОРОТО МЕСТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Рангирањето на македонските институции за високо образование е нарачано од Министерството за образование на Република Северна Македонија и се прави од 2011-2012. Последното рангирање е објавено на 1 март 2017 година. Деветнаесет квалификувани високообразовни институции се вклучени во рангирањето.
За рангирање се користени 21 индикатор за академски перформанси и конкурентност, опфаќајќи ги основните мисии на високообразовните институции како што се настава, истражување и социјална служба.

# ПАНДЕМИЈА

Со почетокот на пандемијата, Универзитетот за многу кратко време се преориентира на онлајн настава. Изминатите семестри наставата, вежбите, полагањата, дипломските и одбраните на магистерски и докторски трудови се се одвива онлајн.

## МИНАТАТА ГОДИНА МАЈКРОСОФТ ГО ИЗДВОИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП КАКО ПРИМЕР ЗА ОНЛАЈН УЧЕЊЕ

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип исто така беше пример за солидарност и безрезервно се вклучи во спроведувањето на вакцинацијата во Република Северна Македонија. Спортската сала „Јордан Мијалков“ беше подготвена и предадена за спроведување на масовната вакцинација во источниот дел на републиката.






## СТУДЕНТИТЕ ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ОД УГД ВОЛОНТЕРСКИ СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ВАКЦИНАЦИЈА.










# АКТИВНОСТИ 2020/21

# СТУДЕНТИ

## Универзитетското студентско собрание

**ОРГАНИЗИРАШЕ АКЦИЈА ЗА ПОМОШ НА СТУДЕНТИТЕ КОИ ВО ОВА ВРЕМЕ НА КРИЗА НЕМААТ ЕЛЕКТРОНСКИ УРЕД ИЛИ ИНТЕРНЕТ**

## УГД на семинар со Црвен крст Штип

**НЕКОЛКУ СТУДЕНТИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ БЕА ДЕЛ ОД ТРИДНЕВЕНИОТ „СЕМИНАР ЗА МОТИВАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДОБРОВОЛНО КРВОДАРИТЕЛСТВО ВО С. МАКЕДОНИЈА СО СТУДЕНТСКА ПОПУЛАЦИЈА“ ВО СТРУГА, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА С. МАКЕДОНИЈА.**

## Студентски амбасадори Мајкрософт

**СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ДОБИЈА МОЖНОСТ ДА БИДАТ ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА „STUDENT AMBASSADOR“ НА МАЈКРОСОФТ.**






## Студентско списание на Филолошки факултет

**ИЗЛЕЗЕ ВТОРОТО ИЗДАНИЕ НА СТУДЕНТСКОТО СПИСАНИЕ „КУЛА“. СПИСАНИЕТО ИМА ПРОСТОР ЗА: ПРЕДАВАЊА НАДВОР ОД РЕДОВНАТА ПРОГРАМА, АКТИВНОСТИ НА СТУДЕНТИТЕ И ПРОФЕСОРИТЕ, ЛИТЕРАТУРНО КАТЧЕ, ПРОСТОР ЗА ОСВРТИ И РАЗМИСЛУВАЊА НА СТУДЕНТИТЕ, ИСКУСТВА НА СТУДЕНТИ ОД СТУДЕНТСКИТЕ РАЗМЕНИ И ИСКУСТВА НА СТРАНСКИТЕ СТУДЕНТИ ШТО СТУДИРААТ ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УГД.**

## Онлајн спортски предизвик

**СТУДЕНТИТЕ БЕА ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ВИРТУЕЛНИОТ СПОРТСКИ ПРЕДИЗВИК ВО ФУДБАЛ, ОДБОЈКА И КОШАРКА, ОРГАНИЗИРАН ОД СТРАНА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО АНТВЕРПЕН - БЕЛГИЈА.**

## Студентите од Факултетот за медицински науки

**СТУДЕНТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА СТУДЕНТИ ПО МЕДИЦИНА (СОМА) СЕ ВКЛУЧИ ВО ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЧИЊА НА ОДДЕЛОТ ЗА ПЕДИЈАТРИЈА ПРИ КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА - ШТИП, СПЕЦИЈАЛНАТА ПАРАЛЕЛКА ОД УЧИЛИШТЕТО „ВАНЧО ПРЌЕ“ - ШТИП, МАЛ ГРУПЕН ДОМ И ЦЕНТАРОТ ЗА АУТИЗАМ.**

## Студентите од Филмска Академија

**ОД ВТОРАТА ГЕНЕРАЦИЈА ОД КАТЕДРАТА ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ НА УГД ИМАА НАСТАП НА „ТАНЦ ФЕСТ СКОПЈЕ“ СО НИВНАТА ДИПЛОМСКА КОРЕОГРАФИЈА.**



## Универзитетското студентско собрание

ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ – ШТИП И СЛУЖБАТА ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА ОРГАНИЗИРАШЕ КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА СТУДЕНТИТЕ, 17 НОЕМВРИ. ВО АКЦИЈАТА УЧЕСТВУВАА 28 СТУДЕНТИ И БЕА СОБРАНИ 28 КРВНИ ЕДИНИЦИ

## Студентите од Технолошко-техничкиот факултет

СЕ ПРЕТСТАВИЈА СО СВОЈА КОЛЕКЦИЈА ИЗРАБОТЕНА ОД ТЕКСТИЛЕН ОТПАД ОД НЕКОЛКУ ТЕКСТИЛНИ ФАБРИКИ ВО ШТИП НА НАСТАНОТ „ДЕНОВИ НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА – ПРОМОЦИЈА НА МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА", ОРГАНИЗИРАН ОД ТТЗ – ТЕКСТИЛНИОТ КЛАСТЕР НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ИПА-ПРОГРАМАТА ЗА ПОГРАНИЧНА СОРАБОТКА С. МАКЕДОНИЈА-БУГАРИЈА.

## УГД Спортските лиги

УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СПОРТСКИ И КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ПО ДЕВЕТТИ ПАТ ГИ ОРГАНИЗИРАШЕ УГД СПОРТСКИТЕ ЛИГИ. ИСТИТЕ ЗАПОЧНАА ВО МАРТ, ВО РАМКИТЕ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА УНИВЕРЗИТЕТОТ. ФИНАЛНИТЕ НАТПРЕВАРИ СЕ ОДРЖАА ВО ТЕКОТ НА МАЈ.

## Студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика

ОД ХОТЕЛСКО – РЕСТОРАНСКАТА СТУДИСКА ПРОГРАМА, ПОД МЕНТОРСТВО НА ДОЦ. Д-Р ДУШИЦА ПОПОВА ОРГАНИЗИРАА ВИРТУЕЛЕН НАСТАН ПО ПОВОД НЕДЕЛАТА НА ИТАЛИЈАНСКАТА КУЈНА ВО СВЕТОТ. СТУДЕНТИТЕ ПОДГОТВИЈА ИТАЛИЈАНСКИТЕ РЕЦЕПТИ, КОИ ПАК БЕА ПРЕВЕДЕНИ ОД СТУДЕНТИТЕ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ.

# НАУКА

## Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

УЧЕСТВУВАШЕ НА ПЕТТИОТ „MICROSOFT CONNECTIONS SUMMIT 2021", КАДЕ ПРОРЕКТОРОТ ЦИДРОВ УЧЕСТВУВАШЕ СО СВОЈА ДИСКУСИЈА ВО ПАНЕЛОТ КОЈ СЕ ОДНЕСУВАШЕ НА ТЕМА ЗА ПОСТКОВИД (THE POST COVID CAMPUS: A UNIVERSITY PANEL DISCUSSION). САМИТОТ ИМА ГЛОБАЛЕН КАРАКТЕР СО УЧЕСТВО НА УНИВЕРЗИТЕТИ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ.



## Правен факултет

ПРОФ. КРИСТИНА МИШЕВА И ПРОФ. МАРИЈА АМПОВСКА ОД ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ, КАКО НОСИТЕЛИ НА ЖАН МОНЕ ПРОЕКТ ОДРЖА ПРОМОТИВЕН НАСТАН ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ: ЕУ Е-ЗДРАВСТВЕНО ПРАВО И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ОД ТЕКОВНА ПРАКТИКА ДО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА.

## Дентална медицина на Факултетот за медицински науки

**ПО ДЕВЕТТИ ПАТ ОРГАНИЗИРШЕ СИМПОЗИУМ СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО „УРГЕНТНИ СОСТОЈБИ ВО ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА“.**

## Факултетот за медицински науки

**ПРОФ. ЛЕНЧЕ МИЛОШЕВА СЕ СТЕКНА СО ЛИЦЕНЦА ЗА РАЦИОНАЛНО ЕМОТИВНА И КОГНИТИВНО БИХЕЈВИОРАЛНА ПСИХОТЕРАПИЈА**

## Факултетот за природни и технички науки

**БЕШЕ ДЕЛ ОД СЕРИЈАТА НА МЕЃУНАРОДНИ ВЕБИНАРИ НА РАЗЛИЧНИ ТЕМИ ОД ОБЛАСТА НА ПРИРОДНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ НАУКИ. ПРВИОТ ВЕБИНАР БЕШЕ ОД ОБЛАСТА НА РУДАРСТВОТО И МЕТАЛУРГИЈАТА, ВТОРИОТ Е ОД ХИДРОМЕТАЛУРГИЈАТА, ТРЕТИОТ ОД ОБЛАСТА НА ПИРОМЕТАЛУРГИЈАТА И ЧЕТВРТИОТ ВЕБИНАР ЗА ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ ЗА КОНСТРУКЦИЈА. ПОКРАЈ ПРОФЕСОРИ ОД УГД, УЧЕСТВУВАА И ПРОФЕСОРИ ОД БЕЛГИЈА, АВСТРИЈА, СЛОВЕНИЈА И ОД РЕГИОНОТ.**

## Правен факултет

**ПО СЕДМИ ПАТ ЈА ОРГАНИЗИРАШЕ МЕЃУНАРОДНАТА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „СОЦИЈАЛНИ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ“. НАД 60 ТРУДОВИ БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ ВО ШЕСТ СЕСИИ.**

## Факултетот за туризам и бизнис логистика

**ЈА ОРГАНИЗИРАШЕ ТРЕТАТА ПО РЕД МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК” СО ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ ОД ЕМИНЕНТНИ ПРОФЕСОРИ ОД НАД 18 ЗЕМЈИ И УЧЕСТВО ОД НАД 90 УЧЕСНИЦИ.**






## Факултетот за медицински науки

**ПРОФ. ЛЕНЧЕ МИЛОШЕВА УЧЕСТВУВАШЕ НА 2021 EUA-CDE ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА КАКО ПРЕДАВАЧ, СО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ТЕМА „EUA-CDE ЗАЕДНИЦА ЗА ДИГИТАЛНО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ“.**

## Филолошки факултет

**ГО ОДБЕЛЕЖА 5 МАЈ - ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И 100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ВЕЛИКАНОТ БЛАЖЕ КОНЕСКИ.**

## На Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**СЕ ОДРЖА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „СЛЕДЕЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ВО СКОПЈЕ“ ВО ЧИЈА РЕАЛИЗАЦИЈА Е ВКЛУЧЕН И УГД, А Е ПОДДРЖАН ОД МИСИЈАТА НА УНДП, АМБАСАДАТА НА ШВЕДСКА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА РСМ.**

## Факултет за Медицински науки

**Д-Р ВЛАДИМИР ЧАДИКОВСКИ, ДОЦЕНТ НА ФМН ПРИ УГД - ШТИП, ДЕТСКИ КАРДИОХИРУРГ ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА „АЏИБАДЕМ СИСТИНА“- СКОПЈЕ ОДРЖА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ЕТИЧКИ ДИЛЕМИ ПРИ ТРАНСПЛАНТАЦИЈА НА ОРГАНИ И ПРЕКИНУВАЊЕ НА БРЕМЕНОСТ (ФЕТОЦИД)” ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОМА.**

## Професор од Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**ПРОФ. РУБИН ГУЛАБОСКИ Е РАНГИРАН ВО 2% НАЈДОБРИ И НАЈВЛИЈАТЕЛНИ СВЕТСКИ НАУЧНИЦИ ЗА 2020 ГОДИНА. ЛИСТАТА НА НАЈДОБРИТЕ СВЕТСКИ НАУЧНИЦИ Е РЕЗУЛТАТ НА ОПСЕЖНИ АНАЛИЗИ НА НАУЧНИЦИТЕ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ СТЕНФОРД.**

## Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**УЧЕСТВУВАШЕ НА ВИРТУЕЛНИОТ ЕВРОПСКИ ФОРУМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ (EUROPEAN QUALITY ASSURANCE FORUM, EQAF) ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ENQA, EUA, EURASHE И ESU. УЧЕСТВУВАА ПРОРЕКТОРОТ ЗА НАСТАВА, ПРОФ. МИШКО ЏИДРОВ И ПРОФ. ЛЕНЧЕ МИЛОШЕВА ОД ФМН.**



## Правен факултет

**ПРОФ. АНА НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА БЕШЕ ДЕЛ ОД ТРКАЛЕЗНА МАСА НА ТЕМА „A BORDERING POWER EUROPE? EXPLORING TENSIONS BETWEEN RIGHTS AND FEAR“. ТРКАЛЕЗНАТА МАСА СЕ ОРГАНИЗИРАШЕ ВО РАМКИТЕ НА ЖАН МОНЕ ПРОЕКТОТ „НОВИ ЕВРОПСКИ ГРАНИЦИ – БОРДЕУР“ ПРЕДВОДЕН ОД ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ, КАДЕ ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ Е ПАРТНЕР ИНСТИТУЦИЈА.**

## Економски факултет

**ОРГАНИЗИРАШЕ КОНФЕРЕНЦИЈА СО НАСЛОВ „ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД КОВИД-19, ПРЕДИЗВИЦИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ”, КАДЕ УЧЕСНИЦИТЕ ОД ЗЕМЈАВА И ОД СТРАНСТВО, ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ И БИЗНИС СЕКТОРОТ СО СВОИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ И ВИДУВАЊА ДАДОА СВОЈ ПРИДОНЕС.**

## Факултетот за туризам и бизнис логистика

**ОРГАНИЗИРАШЕ ВЕБИНАР: „КОВИД, МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И LOCKDOWN СТОРИИ: КАКО ДА СИ ПОМОГНЕМЕ?“. СВОЕ ИЗЛАГАЊЕ ИМАА ПРОФ. АЛЕКСАНДРА ЖЕЖОВА ОД ФТБЛ; ПРОФ. МИРОСЛАВ ПЕНДАРОСКИ, МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ И ПРОФ. ЕЛЕОНОРА СЕРАФИМОВСКА ОД УКИМ.**



## Факултетот за туризам и бизнис логистика

**ОРГАНИЗИРАШЕ ВЕБИНАР: „ТУРИЗМОТ ВО КОВИД-19 И НЕГОВАТА ПОСТКОВИД ИДНИНА?” ГОСТИ ИЗЛАГАЧИ БЕА Г-ДИН ЉУПЧО ЈАНЕВСКИ, ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ И ДОЦ. Д-Р НАТАША МИТЕВА, ПРОДЕКАН ЗА НАСТАВА ПРИ ФТБЛ.**

## Факултет за природни и технички науки

**УЧЕСТВУВАШЕ ВО ИНОВАТИВНАТА РАБОТИЛНИЦА „ИНОВАЦИИТЕ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО“ КАКО ДЕЛ ОД ЗАЕДНИЧКИОТ ПРОЕКТ И ИНИЦИЈАТИВА DIM-ESEE 2, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА РУДАРСТВО, ГЕОЛОГИЈА И НАФТЕНО ИНЖЕНЕРСТВО ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЗАГРЕБ.**

### Факултетот за туризам и бизнис логистика

**ОРГАНИЗИРАШЕ ВЕБИНАР „ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 ВРЗ ЕКОНОМСКИТЕ ДВИЖЕЊА: МОЖНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ИЛИ ВРЕМЕ НА ПОГОЛЕМА ПРЕТПАЗЛИВОСТ?". СВОЕ ИЗЛАГАЊЕ ИМАА ПРОФ. ЗОРАН КОЛЕВ, ЗАМЕНИК-ДИРЕКТОР НА СЕКТОР ЗА КОМЕРЦИЈАЛНО БАНКАРСТВО – ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ; М-Р ЛАЗЕ КАМЧЕВ, ГЛАВЕН ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ И ПРОФ. ТАТЈАНА БОШКОВ, ДЕКАН НА ФТБЛ ПРИ УГД.**

### Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

**БЕШЕ ДЕЛ ОД ОНЛАЈН МЕЃУНАРОДЕН САЕМ НА ОБРАЗОВАНИЕ. БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА СТУДИРАЊЕ ПРЕД МЛАДИТЕ ВО РУСИЈА И ДРУГИ ЗЕМЈИ. УНИВЕРЗИТЕТОТ ГО ПРЕТСТАВУВАА М-Р САЊА СТЕФАНОВА - ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕЃУНИВЕРЗИТЕСКА СОРАБОТКА И ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА И СТУДЕНТИ ПРОФ. ЏИДРОВ.**

### Факултетот за туризам и бизнис логистика

**ОРГАНИЗИРАШЕ ВЕБИНАР НА ТЕМА: „МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА, БАНКИТЕ И КРЕДИТНИТЕ ПАЗАРИ ВО КОВИД-19: СПРАВУВАЊЕ, ПОДДРШКА И ПОСЛЕДИЦИ”. ГОСТИ ИЗЛАГАЧИ БЕА М-Р ЕМИЛИЈА НАЦЕВСКА - ВИЦЕГУВЕРНЕР НА НБРСМ; Д-Р ГЛИГОР БИШЕВ - ПРОФЕСОР И ДИРЕКТОР НА ШПАРКАСЕ БАНКА И М-Р ДИМИТАР БОГОВ – ПОРАНЕШЕН ГУВЕРНЕР НА НБРСМ.**





### Факултетот за туризам и бизнис логистика

**ОРГАНИЗИРАШЕ ВЕБИНАР: ”КОЛЕКТИВНАТА ВИЗИЈА МЕЃУ ЕКОНОМИЈАТА И ИНДУСТРИЈАТА: ПРЕДИЗВИК ВО ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19”. ИЗЛАГАЊА ИМАА ФАТМИР БИТИЌИ - ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА; ЈОВАН ДЕСПОТОВСКИ – ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ; Г-ДИН САШКО НАКОВ ОД УО НА СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ И ПРОФ. ТАТЈАНА БОШКОВ - ДЕКАН НА ФТБЛ.**

### Факултетот за туризам и бизнис логистика

**ОРГАНИЗИРАШЕ ПАНЕЛ СЕСИЈА: THE ECONOMIC IMPLICATIONS OF COVID-19: WHERE WERE WE BEFORE THE PANDEMIC? WHERE ARE WE NOW AND WHAT NEXT? СВОИ ИЗЛАГАЊА ИМАА: ПИТЕР ТАБАК, ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР ЕБРД; ГЛИГОР БИШЕВ, ПРОФЕСОР И ГЕНЕРАЛЕН ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА „ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ”; МИЛАН ЗДРАВКОВИЌ, ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА ОПЕРАТОРОТ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ ВО Ј.П. СРБИЈАГАС; ПРОФ. МИШКО ЏИДРОВ, ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА И СТУДЕНТИ И ПРОФ. ТАТЈАНА БОШКОВ, ДЕКАН НА ФТБЛ.**

# УМЕТНОСТ

### Музичка Академија

**МУЗИЧАРОТ ВАСИЛ ХАЏИМАНОВ, ПРОФЕСОР НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УГД, Е ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА ЗА НАЈДОБАР ЏЕЗ ПИЈАНИСТ НА ЕЛЕКТРИЧЕН КЛАВИР, КОЈА МУ Е ДОДЕЛЕНА НА 41. ANNUAL JAZZ STATION AWARDS.**

## Музичката Академија

ВО СОРАБОТКА СО ЏЕЗ АРТ ЦЕНТАРОТ ВО ПОДГОРИЦА И МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ВО БЕЛГРАД РЕАЛИЗИРАА ЗАЕДНИЧКИ БИГ-БЕНД ПРОЕКТ ВО ЦРНА ГОРА. ПОКРАЈ СТУДЕНТИ ОД УГД, ПРЕДВОДЕНИ ОД ПРОФ. ТОНИ КИТАНОВСКИ, УЧЕСТВУВАА И МЛАДИ КОМПОЗИТОРИ И МУЗИЧАРИ ОД: СРБИЈА, ЦРНА ГОРА, РОМАНИЈА, СЛОВЕНИЈА, БОСНА, АЛБАНИЈА И С. МАКЕДОНИЈА.

## Музичката Академија

НАПРАВИ ВИДЕОРАЗГЛЕДНИЦА ВО ВИД НА КОНЦЕРТ ЗА СИТЕ ЉУБИТЕЛИ НА КЛАСИЧНАТА МУЗИКА ПО ПОВОД 14 ГОДИНИ УГД. ВО ОВОЈ ВИДЕОКОНЦЕРТ УЧЕСТВУВАА ВКУПНО 11 УЧЕСНИЦИ, ПОД МЕНТОРСТВО НА СВОИТЕ ПРОФЕСОРИ ОД МУЗИЧКАТА ИЛИ ФИЛМСКАТА АКАДЕМИЈА (КАТЕДРАТА ПО ТАНЦ).

## Професор од Музичката Академија

КОМПОЗИТОРКАТА ВАЛЕНТИНА ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА Е ИЗБРАНА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗОТ НА КОМПОЗИТОРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА.

## Професор од Ликовна Академија

ПРОФ. СЛОБОДАН МИЛОШЕСКИ ИМАШЕ ИЗЛОЖБА НА СКУЛПТУРИ ОД ГАЛЕРИСКИ ФОРМАТ НАСЛОВЕНА „МЕТАФОРА НА ТЕЛЕСНОТО“ ВО КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА.




## Музичка Академија

ПРОФЕСОРИ И СТУДЕНТИ ОД МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УГД УЧЕСТВУВАА НА ЧЕТВРТОТО ИЗДАНИЕ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ „ЏЕЗ ФАБРИКА ФЕСТИВАЛ БИТОЛА 2021 - JAZZ FACTORY FESTIVAL“, КОЈ СЕ ОДРЖИ НА СЦЕНАТА НА НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА.

## Професор од Факултет за образовни науки

МАКЕДОНСКИОТ СКУЛПТОР ПРОФ. НИКОЛА СМИЛКОВ ИМАШЕ ИЗЛОЖБА ПОД НАСЛОВ „EMOCIONALNI POKRETI/EMOTIONAL MOVEMENTS“ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ФРАНЦУСКАТА АЛИЈАНСА ВО СПЛИТ, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ХРВАТСКО-ФРАНЦУСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА С. МАКЕДОНИЈА.

## Три факултети од УГД

ЛИКОВНАТА АКАДЕМИЈА И КАТЕДРАТА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ ФПТН ОРГАНИЗИРАА ИЗЛОЖБА, А ВО РАМКИТЕ НА ИСТИОТ НАСТАН И ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ОРГАНИЗИРАШЕ СВОЈА РЕВИЈА ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА „БЕЗИСТЕН“ ВО ШТИП.

## Технолошко-технички факултет

СТУДЕНТИТЕ ПОД МЕНТОРСТВО НА ПРОФ. САЊА РИСТЕСКИ СВОЈАТА КРЕАТИВНА РАБОТА ЈА ПРЕЗЕНТИРАА НА ЕДЕН НЕСЕКОЈДНЕВЕН НАЧИН – ПРЕКУ АТИПИЧНА ВИДЕОПРИКАЗНА ВО КОЈА СТУДЕНТИТЕ БЕА ГЛАВНИ ПРОТАГОНИСТИ. ВИДЕОПРИКАЗНАТА И ФОТОСЕСИЈАТА БЕА ИЗРАБОТЕНИ НА ТЕМА „ПАНДЕМИЗАМ (КРЕАТИВНА ПРИКАЗНА НА ЕДНА ОНЛАЈН ГЕНЕРАЦИЈА)“.

## *Филмска Академија*

**СТУДЕНТИТЕ ПО СОВРЕМЕН ТАНЦ ИМАА НАСТАП НА „ТАНЦ ФЕСТ СКОПЈЕ“. „СКОПЈЕ ТАНЦОВИОТ ТЕАТАР“ ГО ОДБЕЛЕЖА СВОЈОТ 10-ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ СО КОРЕОГРАФИЈАТА „МЕЃУСВЕТ“ НА ПРОФ. РИСИМА РИСИМКИН, НА МУЗИКА НА ПРОФ. ТОНИ КИТАНОВСКИ И СЦЕНОГРАФИЈА НА МАТЕА МИЈАНОВИЌ.**

## *Ликовна Академија*

**ПРОФ. КАТЕРИНА ДЕСПОТ ЗАЕДНО СО ПРОФ. ВАСКА САНДЕВА ВО НУ УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА ТЕТОВО ПОСТАВИЈА ОНЛАЈН ИЗЛОЖБА НАСЛОВЕНА „ЕКЛЕКТИЧНИ ИЗОХИПСИ“.**

## *Професор од Ликовна Академија*

**ВО ГАЛЕРИЈАТА НА КИЦ НА РСМ ВО СОФИЈА БЕШЕ ОДРЖАНА ИЗЛОЖБА „ПРОТКАЕНИ СЕЌАВАЊА“ ОД ПРОФ. СЛОБОДАН МИЛОШЕСКИ.**

## *Технолошко – техничкиот факултет, Ликовната академија и катедрата за Архитектура и дизајн*

**ОРГАНИЗИРАА ЗАЕДНИЧКА ИЗЛОЖБА И МОДЕН ПЕРФОРМАНС КАКО ДЕЛ ОД НАУЧНО КУЛТУРНИТЕ СРЕДБИ „ДЕСЕТ ДЕНА КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА 2021“. МЕНТОРИ БЕА ПРОФ. САЊА РИСТЕСКИ, ПРОФ. КАТЕРИНА ДЕСПОТ, ПРОФ. ЈАНА ЈАКИМОВСКА И ПРОФ. ВАСКА САНДЕВА.**

## *Факултет за образовни науки*

**ВО КОНКУРЕНЦИЈА НА 78 УМЕТНИЦИ ОД 20 ЗЕМЈИ, СКУЛПТОРОТ ПРОФ. НИКОЛА СМИЛКОВ ЈА ОСВОИ ГРАН ПРИ НАГРАДАТА НА ПЕТТОТО БИЕНАЛЕ ВО БУДВА.**

## *Музичка Академија*

**ДУО „ГРАЦИОЗО“ ВО СОСТАВ ПРОФ. НЕВЕНКА ДУКОВСКА - ПИЈАНО И М-Р КРИСТИНА ПАЛИЈА - СОПРАН ОДРЖАА КОНЦЕРТ ВО ШТИП.**

## *Музичка Академија*

**КАМЕРНОТО ДУО СОСТАВЕНО ОД ПРОФ. ЗЛАТКА МИТЕВА (ФЛЕЈТА) И ПРОФ. НАТАША ТРБОЈЕВИЌ (ПИЈАНО) ЈА ДОБИЈА НАГРАДАТА „ГЕОРГИ БОЖИКОВ“ ЗА 2019, КОЈА „СОКОМ“ ЈА ДОДЕЛУВА НА МУЗИЧКИ УМЕТНИЦИ И АНСАМБЛИ ЗА НАЈУСПЕШНА ЈАВНА ИЗВЕДБА НА ДЕЛА ОД МАКЕДОНСКИ КОМПОЗИТОРИ ВО ТЕКОТ НА ЕДНА ГОДИНА.**



## *Музичка Академија*

**МАКЕДОНСКО-ЈАПОНСКОТО ДУО СОСТАВЕНО ОД АСАМИ САТЕ И ПРОФ. ЕМА ПОПИВОДА БЕА НАГРАДЕНИ ОД ГРАДОТ ТОКИО НА КОНКУРС ПОМЕЃУ 20.000 ПРОЕКТИ, ЗА КОМПОЗИЦИЈАТА ЗА ДВЕ ПИЈАНА „ДАЛИ ПАМЕТИШ МИЛИЦЕ“ - НОКТУРНО ОП. 52 Б ОД ДИМИТРИЈЕ БУЖАРОВСКИ.**

## *Музичка Академија*

**ПРОФ. БРАНКО ПАВЛОВСКИ ЈА ДОБИ НАГРАДАТА „ЗЛАТНА ЛИРА“ ЗА ВРВНИ УМЕТНИЧКИ ДОСТИГНУВАЊА ОД СОЈУЗОТ НА МУЗИЧКИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА (СМУМ) ВО РАМКИТЕ НА ФЕСТИВАЛОТ „ЗЛАТНА ЛИРА“.**

## *Музичка Академија*

**ПРОФ. АНТОНИО КИТАНОВСКИ И ПРОФ. САШО ПОПОВСКИ БЕА ДЕЛ ОД 39-ТОТО ИЗДАНИЕ НА СКОПСКИ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ**



УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

**УНИВЕРЗИТЕТ**
**ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ШТИП**

Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Северна Македонија
Тел. 032 / 550 000
Факс 032 / 390 700
e-mail: contact@ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk